ÉVALUATION DIAGNOSTIQUE DES ÉLÈVES ALLOPHONES

# Compréhension de l'écrit

CYCLE 2

Langue d'origine : macédonien

CANOPÉ

| ИМЕ: | ПРЕЗИМЕ: |
|---|---|

NIVEAU : FIN DE CP

## 1

### Прочитај го следниот текст:

Ова утро, будилникот на Семи заѕвони во седум часот. Ова е неговиот прв ден во училиште. Мајка му доаѓа полека да го разбуди.

До неговиот кревет има столица. Семи станува и се облекува. Ги облекува сините панталони и црвениот џемпер. Ја зема својата омилена капа, зелената, со црвена ѕвезда на неа.

До прозорецот има и голем плакар, а на ѕидот, слика со мачки.

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

## 2

**Поврзи го зборот со соодветната слика.**

| | | |
|---|---|---|
|  | ☐ будилник ☐<br>☐ кревет ☐ |  |
|  | ☐ столица ☐<br>☐ капа ☐ |  |
|  | ☐ мајка ☐<br>☐ панталони ☐ |  |
|  | ☐ Момче ☐<br>☐ ѕвезда ☐ |  |
|  | ☐ мачка ☐<br>☐ џемпер ☐ |  |

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

## 3

**Во колку часот заѕвонил будилникот на Семи? Заокружи го точниот одговор.**

- шест часот
- седум часот
- осум часот

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

## 4

**Нацртај ги алиштата на Семи и обој ги со точните бои.**



| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

## 5

**Заокружи ја собата на Семи. Пречкртај ги другите цртежи.**



• цртеж 1



• цртеж 2



• цртеж 3



• цртеж 4

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

## NIVEAU : FIN DE CE1

### Прочитај го следниот текст:

« Време е душичке, вели мајка му. Ти подготвив добар појадок, те чекам во кујната. »

Семи се гледа во огледалото на плакарот. Се прашува како ќе бидат облечени другите. Сношти долго време си ги подготвуваше алиштата. Го отвара плакарот, ги зема црните патики и излегува од својата соба, со патиките в раце.

Го чувствува убавиот мирис низ темниот ходник. Кога влегува во кујната, на масата гледа вкусен колач од брашно и јајца што сè уште се топли, голема чаша со топло чоколадо и убава чинија со овошје со ананас, банани и јаболка.

## ОДГОВОРИ НА СЛЕДНИТЕ ПРАШАЊА

### 6

**Кој ги избра алиштата на Семи? Заокружи го точниот одговор.**

• Семи • мајката на Семи • помалиот брат на Семи • таткото на Семи

MI MF MS TBM

### 7

**Пречкртај го овошјето коешто не е во чинијата.**

• ананас • јаготки • портокали • банани

• јаболка • круши

MI MF MS TBM

## 8

**Семи ги подготвуваше своите алишта кратко време.**
**Заокружи го точниот одговор.**

• точно • неточно

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

## 9

**Семи воопшто не го сака појадокот што го подготви мајка му.**
**Заокружи го точниот одговор.**

• точно • неточно

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

## 10

**Нумерирај ги речениците по редослед на приказната, од најпрвото до најпоследното дејство.**

........................ • Семи излегува од својата соба

........................ • Семи го отвора плакарот

........................ • Семи се гледа во огледалото

........................ • Семи ги подготвува своите алишта

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

## NIVEAU : FIN DE CE2

### Прочитај го следниот текст:

« Побрзај душичке, време е, вели мајка му. Сигурно сакаш да одиш сам? Ќе го најдеш патот?

– Да, не грижи се. Што очекуваш да ми се случи? Во секој случај, треба да се навикнам, вака ќе биде секој ден. »

Мајката не вели ништо и се насмевнува, но загрижена е. Го прегрнува синот и го погалува по косата. Тој не сака кога го гали по косата, но мајка му не може да одолее.

Семи би сакал да земи неколку колачи во чантата за на училиште, бидејќи секогаш му се пријадува околу десет часот. Не знаеше дали е тоа дозволено во неговото ново училиште па одлучи да не зема.

Потоа, ги облече патиките и се стрча по скалите од зградата.

« Семи! вика мајка му и го стигнува трчајќи, со капата во раката, твојата капа! Си ја заборави капата! »

Семи ја зема капата и вели:

« Мојата зелена капа! За малку ќе заминев без капата што ми носи среќа, и тоа на првиот ден во ова училиште! »

### ЗАОКРУЖИ ГО ТОЧНИОТ ОДГОВОР

**11**

**Семи воопшто не сака кога мајка му го гали по косата.**

• точно • неточно

MI MF MS TBM

## 12

### Семи зема колачи во чантата за на училиште.

• да • не

MI MF MS TBM

## 13

### Каде живее Семи?

• во стан

• во караван

• во куќа

• во замок

MI MF MS TBM

## 14

### Зошто мајка му на Семи трча по скалите?

• за да го бакне

• за да му ја даде капата

• за да го погали по косата

• затоа што доцни

MI MF MS TBM

## 15

### Според тебе, зошто Семи мисли дека е важно да ја има капата со себе?

• за да не се изгуби

• зошто му дава самодоверба

• за да оди побрзо во училиште

• затоа што е неговиот последен ден од училишната година

| MI | MF | MS | TBM |
|---|---|---|---|

**Rappel des codes de correction :**
**MI** = maîtrise insuffisante **MF** = maîtrise fragile **MS** = maîtrise satisfaisante **TBM** = très bonne maîtrise
**MI et MF :** non acquis **MS et TBM :** on considère que c'est acquis